Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Verlut
**Ministria e Financave**

Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР Виена Иншуренс Груп
Бр. 15/0801/1/23
10.01.2023 год.
Скопје

Архивски број: 03-276/1
Датум: ~~12-01-2023~~ 09.01.2023

АНЕКС НА ДОГОВОР
за осигурување на зградата на Министерството за финансии број 03-278/1 од 10.01.2022 година и број 154/0801/1/22 од 10.01.2021 година

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев" бр.12, 1000 Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и
2. Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје, со седиште на ул.„Железничка" бр.41 Скопје, претставувано од Климе Попоски, во својство на управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

Член 1

Предмет на овој Анекс на Договор е измена на одредбите на Договорот за осигурување на зградата на Министерството за финансии број 03-278/1 од 10.01.2022 година и број 154/0801/1/22 од 10.01.2021 година, во согласност со член 19 од договорот и член 119 став 1 точка 3 и став 2 од Законот за јавните набавки.

Член 2

Во членот 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Вкупната вредност на договорот, односно премијата за период за 14 (четиринаесет) месеци изнесува 697.084,00 денари, без ДДВ."

Член 3

Во член 4 став 1 и 2, зборовите „12 (дванаесет) месеци" се менуваат и гласат: „14 (четиринаесет) месеци".


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 629
www.finance.gov.mk

Член 4

Во член 7 зборовите „12 (дванаесет) " се менуваат и гласат: „14 (четиринаесет)".

Член 5

Во член 20 зборовите „12 (дванаесет) месеци" се менуваат и гласат: „14 (четиринаесет) месеци ".

Член 6

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

Член 7

Овој Анекс на Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 8

Овој Анекс на Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примерока за носителот на набавката и 2 (два) примерока за договорниот орган.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Министерство за финансии | Акционерско друштво за осигурување Винер Виена Иншуренс Груп Скопје |
| Министер за финансии | Управител |
| Dr.Fatmir Besimi | Климе Попоски |

Изработил: Валентина Никодиноска
Контролирале: Билент Мустафоски
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Провериле: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска - Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст